


# 20 години за децата

## Прва детска амбасада во светот Меѓаши



**“СИТЕ ИДЕАЛИ НА СВЕТОТ
ПОБЕЗНАЧАЈНИ СЕ ОД СОЛЗИТЕ НА ЕДНО ДЕТЕ”**



**"ALL IDEALS IN THIS WORLD ARE MEANINGLESS FROM THE TEARS OF A CHILD"**

КОГА ПРЕД 20 ГОДИНИ СЕ ОФОРМИВМЕ ЗА ДА ИМ ПОМАГАМЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ОД БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, НЕ ЗНАЕВМЕ ВО ШТО СЕ ВТУРНУВАМЕ СО СЕТО СРЦЕ И ПРЕД КАКВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЌЕ СЕ НАЈДЕМЕ. СЕ СООЧИВМЕ КОН НИВ И ТАКА УЧЕВМЕ.

*Не беше лесно да се трасира патот на новото светско детско движење во Македонија наречено Прва детска амбасада во светот - Меѓаши. Секако пионерските зафати во промоцијата на детската кауза и најдобрите интереси на децата не секогаш наидуваа на разбирање и допираа до светот на возрасните. Но, ние во Амбасадата Меѓаши втемеливме нови и поинакви вредности. Ја подигнавме јавната свест за значењето и неопходноста од почитување на правата на детето. Проговоривме јавно за многуте проблеми со кои децата се соочуваат. Децата нас не препознаа и ни ја доверија потребата да ги заштитуваме и застапуваме. Впрочем, тие имаат своја амбасада и свое дете амбасадор. Тука се и многуте волонтери /граѓански активисти кои со многу ентузијазам несебично и секогаш се во непосреден контакт со децата. Оваа Амбасада, прва во светот, чие седиште е во Македонија, шеговито можам да кажам дека и да не постоеше требаше да се измисли, а кога веќе постои и се докажува треба несебично да ја поддржуваме и помагаме.* ***Во еден прирачник од УНИЦЕФ, авторот г-ѓа Сју Гилберт напиша: „Македонија е позната во однос на детските права, бидејќи тука е формирана Првата детска амбасада во светот Меѓаши".***

*За крај, на сите добронамерници им порачуваме дека се уште има време да се вклучат и вградат во овоја големо светско детско движење. Мозаикот на каменчиња наречен Прва детска амбасада во светот го вградија многу луѓе. Секогаш има место и простор за нови граѓански иницијативи и активности. И уште нешто, многу ми е драго што иако задоцнето стигаат по 20 години признанија за нашата работа. Признанија од граѓански организации, граѓани, амбасади, меѓународни организации, од бизнис партнери и ресорни министерства со кои соработуваме. Признанија со поддршка на нашите активности преку донирање на средства во нашите касички, донирање средства преку СМС пораки, како и вклучување во нашите активности со доброволно и несебично ангажирање. Има потреба за такви награди и признанија. Признанија за високата доверба стигнуваат и од граѓаните кои ни ја доверуваат во изминатите години според истражувањата за довербата во граѓанското општество. Се додека не се изградат критериуми на потврда на вистинските вредности на посветеност на луѓето во граѓанското организирање, посветеност за она во што се верува и вложува, ќе мора одвреме навреме домашните и странски награди и признанија да ја потврдуваат нашата мотивираност и посветеност во изградба на поправеден свет за сите деца во светот.*

М-р Драги Змијанац,
*Извршен директор и основач*





**Прифаќање на бегалците во Скопје** (Април 1992 година)

# Извадоци од дневник

(Октомври 1991)

*Не сакам и не можам да бидам нем сведок на ужасните слики што секојдневно ги гледаме на екраните. Стапив во контакт со Детската амбасада од Сараево, со г-дин Душко Томиќ и му ја искажав мојата подготвеност за проширување на оваа благородна идеја и во Македонија. Можеби ќе ми дадат шанса...*

(Февруари 1992)

*Го примив официјалниот документ за отварање на Детската амбасада за Република Македонија. Веднаш наидов на пречки. Новите идеи кај нас тешко се прифаќаат. За среќа сретнав некои луѓе кои беа подготвени да се ангажираат и тоа ме охрабри....*

(Април 1992)

*... Во БиХ започна војна. Прво не ме пуштаа во МРТВ, но потоа едвај и без било какви размислувања дадов апел на Македонското радио и ТВ дневник за прифаќање на деца од Сараево. Го дадов и мојот домашен телефонски број. Тогаш ни најмалку не бев свесна што се ќе се случува ...*
*Цела недела телефонот постојано ѕвонеше...*
*Стотици семејства и поединци се јавија за прифаќање на децата... Нашиот дом беше претворен во „собирен центар" каде што доаѓаа оние што не можеа да не добијат по телефон...*

*Сите бевме исцрпени...сопругот, децата, но за среќа ни помагаа и некои непознати луѓе (како да ги познавам цел живот). Не беше лесно, а мораше да се издржат и многу непријатности и неправдини... „Кој те овластил да дадеш апел“, „Политички маркетинг“, „Зошто токму ти?“... а добив и отказ од работа!*

*(Мај 1992)*
*На 29 април го одржавме Основачкото собрание на Генералниот конзулат на ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА во светот за Република Македонија.*

*(Април 1993)*
*Тешко е да се опише што се беше потребно да се стори за да заживее идејата на Детската амбасада во Република Македонија, а и пошироко. Единствено што можам е да им се заблагодарам на сите што не подржаа и ни помогнаа и на оние кои сеуште несебично ни помагаат...*

*Посебно им заблагодарувам на амбасадорот Коле Ангеловски и на мојот сопруг и колега Драги Змијанац за несебичната поддршка од почетокот до денес...*

**Годишник “НИЕ СМЕ ИДНИНАТА” 1993 г. бр. 1*



**СОБА 315**
*(1992 во просториите на Илинденска б.б.)*
*Гордана Пирковска Змијанац, Методија Најчевски, Амира Базариановиќ и Хемко*

Гордана Пирковска Змијанац
***Основачка на Детската амбасада Меѓаши во Македонија***



Се почна пред 20 години, во едно турбулентно и воинствено време. Во тој миг, се уште недооформената Прва детска амбасада Меѓаши за Република Македонија се соочи со почетокот на босанската војна. Детската амбасада Меѓаши од Босна се обрати со апел до сите свои членки да помогнат во спасување на децата од воените жаришта. Гордана Змијанац, координаторка на Меѓаши во Скопје, уште истиот ден преку медиумите упати порака за згрижување на децата од Босна и Херцеговина:

- ***"Граѓани на Македонија, вие сте на потег. Покажете ја вашата хуманост и подготвеност да им се помогне на оние на кои што им е најтешко во овие моменти- децата. Сите заинтересирани може да се јават на телефон 091/ 317- 815"***

На апелот одговорија голем број семејства, но и институции како детски одморалишта, домови, хотели, Црвениот крст, Министерството за труд и социјална политика, како и многу невладини организации. Во истиот миг беа згрижени илјадници деца, жени, стари луѓе. Во текот на наредните две години Меѓаши за своите босански "голготци" обезбеди храна, образование, медицински прегледи, часови по изучување англиски јазик, културно- забавен живот, итн. На овој начин Македонија и НВО секторот на светот му покажаа висока граѓанска свест и човечност.

По извесно време, поточно во 1993-1994 година бегалците од Босна заминаа во САД и во западноевропските земји. Во оваа преселба беа офатени над 4000 луѓе од кои 2500 беа деца. Сето ова беше овозможено преку контактите и услугите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши (Македонија).

## БОЛНИ И ДОЛГИ 20 ГОДИНИ

"Кога го дадов апелот пред 20 години за прием на босанските деца мислевме дека војната ќе трае 4-5 месеци, дека ќе ги прифатиме децата, ќе им помогнеме и потоа ќе си се вратат во нивните домови. Но, таа војна траеше 4-5 години, а по неа дојде косовскиот конфликт, па бомбардирањето на НАТО на Србија, и на крај кризата во Македонија кога се посветивме на внатрешно раселените деца. Значи, се до летото 2006-тата, ние работевме со деца погодени од војна. Тогаш кога се формиравме не мислевме дека тоа ќе биде толку болно и ќе трае толку долго."

*Гордана Пирковска Змијанац*

*Од овој период спомените се проектираат во бесконечна низа. Тоа беше време на солзи, маки, прегратки, очај, време на изгубени деца... Во буквална смисла на зборот – изгубени деца. Ќе се потсетиме на едно такво дете преку текстот на сараевскиот новинар Јово Димитриевиќ.*

## ДЕМИР ЈА НАЈДЕ МАЈКА СИ

“***Октомври 92.*** Дождливо време. Во собата 315 од некогашната Це-Ка на Македонија сместен е Генералниот конзулат на детската амбасада за Република Македонија. Вообичаена атмосфера. Телефоните ѕвонат. Во малиот простор сместени се десетина луѓе-Драги и Гордана Змијанац, режисерот Коле Ангеловски, актерот Миралем Зупчевиќ, десетици волонтери. Луѓе со многу трпение. Секој што дошол мора да биде сослушан. На многумина ќе им се помогне, посебно на децата.
На вратата се појави едно момче со бистар поглед, но тажно и преплашено. Прашува -***“Ова ли е амбасадата за нас децата”.*** Гордана (Змијанац) му одговара потврдно, а момчето ја почна својата приказна.
- ***Ја барам мајка ми. Од Горажде сум. Татко ми остана во Босна, а јас со мајка ми и брат ми дојдовме овде. Пред два месеца во возот кај Куманово ја изгубив мајка ми. Слушнав дека е некаде во Скопје, а можеби и не е... Се викам Демир и ве молам- помогнете ми...***
Му понудија сок. Не сака. Не сака ни сендвич. Си ја сака мајка си. Саима, Саима се вика мајка ми, кажува низ солзи...
Луѓето од Амбасадата почнуваат да вртат по телефоните. Гордана на едниот, Миралем на другиот. Се јавуваат по центрите за бегалци. Го бараат кампот на Водно. Им кажуваат дека таму има една Саима... Ве молам најдете ја, а ние ќе чекаме, порачува Гордана. Чекаме. Сите бараат, сите апелираат, но Саима никаде ја нема. Да не се преселила на друго место, си велиме. Овде ни беше последната шанса. Демир почнува да плаче. И таман кога веќе сакавме да ја прекинеме линијата, некој од другата страна на телефонот викна- чекајте, еве ја.  Демир ја зеде слушалката и по десеттина секунди слушнавме крик- ***мајко, мајко...***

По неполн час во Детската амбасада Демир и мајка му се гушкаа...”



***Демир Ајвази***
денес живее во САД



***Јово Димитриевиќ***
денес живее во Канада

## Коле Ангеловски - Амбасадор

Кога ќе споредиш, можеби и не се многу 20 години, но се она што го направи Детската амбасада за овие 20 години значи многу, значи многу за сите тие деца на коишто на некој начин им помогнавме, ги згриживме, поразговаравме со нив, се дружевме со нив, учествувавме во нивните проблеми, болки, маки и мислам дека Првата Детска Амбасада Меѓаши како организација е нешто што ќе остави траен белег во животот на цела Македонија.

Сигурно дека првите години кога беснееше војната во Југославија, кога првите бегалци дојдоа, сигурно дека беа извонредно тешки за сите нас што волонтерски со голема љубов одвоивме време, знаење, моќ и се она што го направивме на тие несреќни луѓе да им се помогне. Овде во еден момент имаше 60000 бегалци во Македонија - 60000 судбини трагични, тешки, потресни. Секојдневно се соочувавме со неверојатни приказни, неверојатни трагедии, но ете тоа фала Богу заврши, се смири работата и некако Детската Амбасада се сврте кон она што е да речеме и некоја главна цел, а тоа е во услови на мир да им се помогне на децата за остварување на нивните права, за остварување на она што е голем проблем сега во Македонија, а тоа е недоволната посетеност на училиштата, за тие 18000 деца коишто не одат на училиште, децата на улица, па преку сите овие работилници што ги има Детската Амбасада, па се она што се прави..

Би сакал на некој начин да ги поздравам, да им честитам, пред се на Драги и на Гордана Змијанац коишто еве овие 20 години издржаа во една неверојатна борба, на сите оние волонтери, на сите тие луѓе што пројдоа низ Детската Амбасада и што сеуште одвојуваат од своето работно време да се посветат на децата, да се посветат на доброто на децата, да се спречи што е можно повеќе од сите оние неубави работи што им се случуваат на децата.



Се надеваме дека уште долго барем следниве 20 години сеуште ќе бидеме совест на ова општество и на оваа држава што се однесува до децата.



## МИСИЈАТА ПРОДОЛЖИ ЗА ВРЕМЕ НА КОСОВСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ КОНФЛИКТ

Првата детска амбасада во светот за Република Македонија Меѓаши беше активна и за време на косовскиот конфликт (1999-2000 година). Во камповите Радуша, Стенковец 1и 2, Непроштено, Радуша, Бојане и Чегране, волонтерите/ките на Амбасадата секојдневно организираа спортски, ликовни, образовни и творечки активности за децата бегалци.



Меѓаши се вклучи во несебично давање помош и за време на војната во Македонија (2001 година). Во акцијата влегоа над стотина волонтери кои во прифатилиштето на Прва детска амбасада во светот - Меѓаши згрижија 16 раселени лица (од кои 8 беа деца) од кризните региони во Македонија.

Во ова прифатилиште се родија Александар, Марија и Никола...

*Ние живеевме во Арачиново, куќата ни беше срушена, но она што ги замени сите стравови и неубавини беше раѓањето на нашето чедо по 8 години живот без рожба. Бевме сместени во Меѓаши, а ангелчето наше и гостопримливоста на домаќините ни помогнаа да истраеме“*

Секојдневно, раселените деца од тетовско, кумановско и Арачиново овде добиваа љубов, образование, забава и игра. Ученичката Санела се сеќава на тоа време:

*- “ Многу добро го паметам моментот кога дојдов во Првата детска амбасада. На почетокот бев тажна и ми недостасуваше домот, не спиев навечер и се прашував себеси дали некогаш ќе се вратам дома. Тука, во Меѓаши времето бргу ни поминуваше и тагата полека одминуваше. Во амбасадата има многу работилници како: литература, драма, уметност, англиски јазик, француски јазик, математика и компјутери. Јас се дружев со сите деца, но најголем дел од времето поминував на компјутер. Благодарение на Меѓаши јас навистина ги проширив своите знаења за многу корисни нешта“.*

***"Беше многу тешко да се заборави моментот кога јас и моето семејство го напуштивме нашиот дом, бегајќи од виорот на војната. Во моментите на тој ужас, во рамките на Меѓаши се најдов себеси и преку активностите со кои бевме преокупирани успеав "да останам на земја".*** **- Ивана 12 години**



Луѓето кои тогаш беа прифатени од Детската амбасада Меѓаши сега се вратени во своите домови. Некои од нив тоа го сторија дури во 2006-тата година, по петгодишен престој во Меѓаши. ***Тие велат дека никогаш нема да ја заборават подадената рака во мигот кога најмногу им требаше.***





## ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ Е НА ПРВО МЕСТО ВО СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ДОВЕРБАТА ВО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Првата детска амбасада во светот Меѓаши е на прво место во однос на доверба или позитивни наспроти негативни ставови за граѓанските организиации спред истражувањето спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице" во домаќинствата во декември 2010 година.

Извештајот се заснова на наодите од истражувањето спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице" во домаќинствата на репрезентативен примерок од 1.300 испитаници од страна на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ). Ова е четврт извештај кој се однесува на довербата (вклучително и во граѓанското општество), првите три беа презентирани во 2006, во 2007 и во 2008 година. Носител на оваа активност за истражувачкиот извештај е Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Во истражувањето наменето за "Довербата во граѓанското општество" и „Познавањето и мислењата за граѓанските организации" Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ Република МАкедонија според анкетираните граѓани е на следните позиции:.

*(1) прво место* во однос на доверба или позитивни наспроти негативни ставови за организацијата. За Првата детска амбасада во светот Меѓаши имаат позитивно мислење 53,6%, граѓани при што односот позитивно/негативно мислење е 20.3 спрема 1.

Односот позитивни/негативно мислење на МЕЃАШИ во претходните истражувања беше 9,9 (2006) 23,8 (2007) 9,7 (2008) и 20.3 (2010)

*(2) второ место* како пример на најуспешна организација

*(2) второ место* на граѓани кои знаат за Првата детска амбасада во светот Меѓаши 56,2%. Додека 81,4%, од граѓаните во Република Македонија слушнале за МЕЃАШИ

Во одредени потсектори е препознаен како:

(2) МЕЃАШИ е на второ место во секторот Демократија и човекови права.

*(4) четврто место* во секторот организација во Развој (јакнење)на граѓанско општество

Вкупен среден однос позитивни/негативно мислење за доверба во граѓански сектор 4,3 спрема 1 во (2006) 4,4 (2007) 3,5 (2008) Средниот однос за групата организации бележи зголемување од 3,5 спрема 1 во 2008 г., на 4,9 во 2010 година.

Довербата на граѓаните во граѓанските организации според потсекторите на дејствување е слична како и претходните години. И понатаму организациите коишто се занимаваат со прашањата од областа на децата, младите и студентите, потоа организациите за/на лица со посебни потреби и организациите со фокус на родовите прашања се водечките три потсектори. Различно од 2008 година во споредба со 2010 е замената на првата со втората позиција меѓу организациите за лица со посебни потреби со организациите за деца, млади и студенти.

# СЕ ОФОРМИ СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ - 1993

СОС телефонот за деца и млади започна со работа една година по оформувањето на Амбасадата МЕЃАШИ. Уште на самиот почеток се сретнавме со многу проблеми, но благодарение на упорноста и волјата, како и ангажманот на многубројните волонтери/ки, СОС работи и денес. Нашиот СОС беше прв од таков вид во Републиката. Првите неколку години имавме обезбедено средства за професионално ангажирање на дежурни лица, така што работата се движеше без поголеми проблеми во тој поглед. Телефонот постојано звонеше. Но, и економската состојба на семејствата им дозволуваше на поголемиот број деца да




се јавуваат и подолго да разговараат. По неколку години, работите почнаа да се менуваат. Се потешко наоѓавме финансиски средства за основната дејност на СОС сервисот. Како што опаѓаше економската моќ на родителите така и бројот на повиците се намалуваше, особено во периодот на конфликтот во Република Македонија. Немавме средства ниту за обука на волонтерите/ките. Сепак, СОС телефонот за деца и млади успеа да го задржи својот континуитет.

Од самиот почеток СОС телефонот за деца и млади беше и остана база на податоци, индикатор за состојбата на децата во нашата држава. Податоците за се поголемиот број јавувања поврзани со насилство врз децата, ја алармираа јавноста и мобилизираа повеќе организации да се посветат на поддршка на децата жртви на насилството.

СОС телефонот е неопходна поддршка на децата кои имаат проблем-и, во тоа се убедени волонтерите/ките кои со години се покрај телефонот, само за да помогнат тогаш кога тоа е потребно. Затоа СОС телефонот за деца и млади истрајува. Децата, СОС телефонот го користат како средство за абреакција на своите потешкотии кои се наталожиле и кои не можат, или немаат каде да ги соопштат. Чинот на информирање, пронаоѓање и јавување на СОС-телефонот, пред се укажува на целноориентирана активност на детето, што значи ваквата активност може да ја спроведе само повозрасно дете, кое покажува поголема зрелост, или пак е помогнато од некој повозрасен, кој не ја

оправдува ситуацијата, или состојбата во која се наоѓа детето. Очекувањата на децата од СОС волонтерот се дифузни и не се прецизни, тие не бараат совет, почесто бараат спасител, а на фантазматско ниво, поверојатно е дека се надеваат дека преку СОС телефонот, кој има симболична функција како внадродителг, дека тој на некој начин ќе ги промени, или влијае на родителите нивни, со кои обично ониe деца кои се јавуваат имаат потешкотии. Во други ситуации каде се јавуваат деца кои имаат проблеми, обично со својата училишна средина, или со врсниците, тогаш тие од СОС волонтерот го бараат она што како помош и разбирање, не го добиваат  од своите родители.







# ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ

Детските работилници претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со низок економски статус, заедно со другите деца да ја развиваат својата креативност и фантазија, односно да се даде придонес во создавањето еднакви можности.

Сето тоа се реализира преку дружење и најразновидни активности според интересите на децата, а со употреба на соодветни прирачни сретства. Во изминативе 19 години од започнувањето со работа на Детските работилници, со пауза во 2010/11, децата на возраст од 4 до 16 години можеа да посетуваат некоја од следниве работилници: англиски јазик, германски јазик, албански јазик, француски













јазик, математичка, компјутерска, спортска, ликовна, како и работилници за допишување, за применета уметност, литература, драма и бон тон, новинарска, детски права, едукација на човекови вредности, работилница по оригами, астрологија... Во работилниците како едукатори/ки секоја година беа ангажирани над 30тина волонтери/ки кои направија голема работа за над 3000 деца кои поминаа низ овие работилници. БРАВО за сите нив!!!

дневно

„Да ги заштитиме децата од злоупотреба!„





МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

ВЕСНИК ЗА ЛУЃЕ СО СТАВ

10

ДЕТСТВО ВО СЕНКА НА НАСИЛСТВО



скопје

Едно дете помалку на улица





НОВА МАКЕДОНИЈА

10 денари

„Да ги заштитиме децата од злоупотреба!"



Али Ахмети реизбран за лидер на ДУИ



Кампања за образование на сите деца

UN NEWS

Kofi Annan: biografia de um grande estadista



Embaixada da Criança

Децата протестираа против злоупотребите



СКОПЈЕ

образование подобра иднина

Embaixada da Criança

Детство во



Едно дете помалку на улица



Скопје

Секое дете има право на образование

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

СВЕТСКИ ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД

Дете во училиште е дете помалку на улица



Глобална кампања за образование

„Мелаши" во светската акција „Образование за сите"

Дневник 15 април 2003

ОМНИБУС 15

И скопските ученици ја слушаа „Најголемата лекција на светот"

## ДЕТСКИ ТРУД

Во светот има повеќе од 250 милиони деца чиј труд се злоупотребува! Тоа значи 250 милиони деца без детство! Од нив 120 милиони работат со полно работно време! Останатите ја комбинираат работата со школување или други не-економски активности. Поделено по полови, 140 милиони се момчиња, а 110 милиони се девојчиња. Во Македонија, за жал, не постојат конкретни податоци за состојбата со злоупотреба на детскиот труд. Бројката на деца кои не се вклучени во системот на образование изнесува околу 18.000 деца, нашата проценка е дека голем број од нив се жртви на детскиот труд. Првата детска амбасада во светот Меѓаши како национален координатор на Светската асоцијација за борба против злоупотреба на детскиот труд Global March Against Child Labor, секоја година спроведува активност базирана на Светската кампања „Global Campaign for Education"за враќање на децата во училиште и вклучување на поголем број наставници со што би се овозможило квалитетно образование. Кампањата ќе трае до 2015 година, кога треба да се добијат резутатите од сите спроведени кампањи до тогаш, а се однесуваат на вклучување на сите деца во образование, овозможување на бесплатно образование, бесплатни учебници за секое дете и доволен број на квалификувани наставници, задолжително и квалитетно образование.

Изјава на дете кое не посетува училиште:

***Елвис има 9 години. Живее во Шутка. На прашањето дали оди на училиште одговори дека сака да оди на училиште ама нема пари, ни татко му ни мајка му не работат па затоа со браќата мораат да просат. Така тие просат по цел ден, а понекогаш и цела ноќ. Парите кои ги заработуваат ги трошат воглавно за јадење или ги даваат на своите родители.***

***Незнае да пишува и да чита и никогаш не бил запишан во училиште. Во близина на неговото место на живеење се наоѓа училиштето „Браќа Рамиз Хамид".***





# ГЛОБАЛНА КАМПАЊА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ






Глобалната недела на акција за образование, на светско ниво ја организира интернационалната мрежа Global Campaign for Education. Координатор за Македонија е Детската амбасада Меѓаши. Секоја година пред завршувањето на април, групи граѓански организации, училишта, активист(к)и за детски права, групи од наставници, родители, го креваат својот глас за обезбедување, образование за сите деца и квалитетно образование за секое дете. Милиони деца и возрасни вклучени во кампањата креираат часови посветени на прашањето зошто милиони деца во светот односно над 18000 деца во Македонија не се вклучени во образованието, учениците подучуваат, маршираат по улици, прават цртежи, постери... Се среќаваат со донесувачи на одлуки на ниво на држава, локална самоуправа, со познати лица во јавноста, барајќи да преземат мерки за вклучување на децата во образованието.







## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА КОИ НЕ ОДАТ ВО УЧИЛИШТЕ

Во Детската амбасада од јули 2007 година функционира Дневен центар за деца кои не одат на училиште. На почетокот во него беа опфатени 35 деца од населбите Кланица и Картон маало во општина Аеродром, а сега околу 15тина деца, бројот варира поради повеќе причини. На децата преку Дневниот центар им се овозможува задоволување на основните хигиенски пореби (тука се бањаат), добиваат чиста облека и ужинка и посетуваат психо-социјални, едукативни и креативни работилници. Секако се работи и на обезбедувањето на личната документацијата, а се прават и напори овие деца да се вклучат во образовниот систем. И во овој сервис се вклучени волонтери/ки кои со многу љубов и грижа го разубавуваат животот на овие деца.



# НАГРАДЕНИ ВОЛОНТЕРИТЕ НА МЕЃАШИ

Првата детска амбасада во јавноста е препознатлива по големиот број волонтери. Секоја година во реализација на активностите на Детската амбасада вклучени се по околу 50 волонтери/ки.

Преку волонтирање се создава чувство на одговорност кон заедницата, кон децата и воопшто луѓето од сите возрасти, постојано освестувајќи ја важноста на вредностите како солидарност, заедништво, рамноправност, ненасилство, грижа за околината итн. На тој начин работејќи за другите градиме поправедно општество и истовремено работиме и за себе.

Целта на Волонтерскиот центар е и унапредување и развој, промовирање на идејата за волонтерство и неговите вредности, организирање волонтерски акции, соработка со сродни организации, како во регионот така и пошироко, размена на волонтери, како и известувања до младите за можностите за волонтирање во Македонија и надвор од неа. Волонтерскиот центар им овозможува на младите луѓе да се вклопат во активностите на Меѓаши. Нашите волонтери/ки имаа можност да патуваат, запознаваат нови луѓе, да научат нешто ново, да учествуваат на семинари, едукации, тренинзи и кампови од национален и интернационален карактер уште пред повеќе години, кога во Македонија тоа беше вистинска реткост.

Волонтерскиот центар при Младинскиот културен центар од Битола додели досега шест специјални сертификати за долгогодишен волонтерски ангажман на следните волонтери/ки во Маѓаши и тоа на Јулијана Зоксимовска, Борче Стојановски - Џеронимо, Реџеп Раими, Методија Најчески, Роза Василевска и Милица Паневска









## МОНИТОРИНГ НА СОСТОЈБАТА СО ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Првата детска амбасада во светот Меѓаши веќе 20 години ја следи состојбата со детските права во Република Македонија како и работата на државните институции и на единиците на локалната самоуправа во делот на нивно постапување кога се работи за заштита на децата и нивните права. Детската амбасада Меѓаши мониторира што преземаат овие институции како надлежни за да обезбедат почитување на детските права и како тие постапуваат во ситуации кога детските права се повредени, оспорени или загрозени.

Ние го следиме имплементирањето на правата на децата во Република Македонија, особено на децата припадници на маргинализирани групи, ранливи групи деца.

Мониторингот се врши преку редовните сервиси за директна помош и поддршка на децата како што се : СОС телефон за деца и млади (бесплатна линија);Бесплатна правна служба; Детски работилници; Дневен центар за деца кои не одат во училиште.

## МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Од самиот почеток до денес работата на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши е посветена на Мирот и негово градење, почнувајќи од поддршката на децата бегалци од БиХ, децата бегалци од Косово, па внатрешно раселените деца во Македонија...многубројни други активности за поддршка на Мирот работејќи во училиштата со ученици/ки, професори/ки...

Во април 2011. започнавме со спроведување активности за Мировно образование во кои во серија од 5 обуки за ненасилна трансформација на конфликти и Мировно образование, во текот на еднаипол година, ќе бидат вклучени 12 професори/ки (по 4 од секое училиште) и 6 млади како мировни едукатори/ки. Обучените по првата обука во август/септември 2011, имаа задача да почнат со организирање работа на младински клубови во нивните училишта, креирајќи содржини со кои младите ќе се сензибилизираат активирајќи се на полето на градењето на мирот.

Ова се активности кои треба да обезбедат учество на професор(к)ите и учениците/ките во креирањето на идните курикулуми од областа на Мировното образование. Затоа, една од задачите ни е да ги оснажиме учесниците/ките за активен став во нивната средина, без насилство и со свесност за бројните видови неправди, дискриминации и насилства пренесувајќи им вештини и знаења кои се важни за градење на активен мир, граѓанско организирање и ненасилно дејствување.





Техники за кративна разработка на конфликти - Форум Театар и Танц театар (со членовите на Мировните клубови од гимназијата "Никола Карев", СГУЦ "Здравко Цветковски" и СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" - Скопје)

## НАГРАДИ



НАГРАДА
за граѓанско општество и демократија
за долгогодишен придонес
за 2000-та година

се доделува на

Прва детска амбасада
во светот Меѓаши

за признание за долгогодишните постигнувања и посебен придонес во граѓанското општество и демократските вредности во Македонија

*Наградата се доделува на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ за долгогодишни постигнувања и посебен придонес во граѓанското општество и демократските вредности ја добивме во 2001 година од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка.*



## ANGELO DELL’ANNO 2008

*9-то издание,Манифестација „Ангел на годината“*
*Милано, Театар „Dal Verme” 28 јануари 2008.*

Специјална меѓународна награда се доделува на М-р Драги Змијанац - Основач и извшен директор на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за интензивна и заслужена дваесет годишна активност во поддршка на децата и меѓународни проекти. Наградата ја додели Италианскиот Црвен Крст и Етичкиот центар Монета за мир.



## Што понатаму ?

Стигнавме и до 20 годишнината а и сами не знаеме како бидејќи во сите тие ургентни барања за помош на децата погодени од војните, децата кои беа злоупотребувани, малтретирани, силувани... ние не помислувавме на бројки, на јубилеи, едноставно немавме време за тоа. За да не ги заборавиме тие важни датуми, Детската амбасада МЕЃАШИ испраќаше реакции до медиумите и укажуваше колку е важно да се работи со и за децата. Но кога почна да се спомнува 2012. ни стана јасно дека нешто мора да направиме, дека некогашните деца (членови, волонтер(к)и, бегалци) очекуваат од нас да ги собереме, како родители кои ги собираат своите деца за нивниот роденден. Тие почнаа да се изнаоѓаат на социјалните мрежи, посебно некогашните деца бегалци и волонтерите/ките и прашуваа кога ќе може да се сретнат? И има ли подобар момент за такво нешто, од јубилејот кој ете чука на врата? Убаво чувство но и обврска.



Предизвиците за Детската амбасада МЕЃАШИ не се сега помали од оние кои што се испречија во 1992 година кога се оформи. Тогаш се здруживме како група граѓани за да им помогнеме на децата бегалци погодени од војната во БиХ, но продолжувајќи со работата и со другите деца, од Македонија, на површината излегоа за жал многу други тешки проблеми на кои требаше да се работи. За тие проблеми тогаш воопшто не се ни збореше: луѓето немаа слушнато дека децата имаат нивни права, а сексуалната злоупотреба на децата и педофилијата беа табу теми, детскиот труд се сметаше дека не постои тука на овие простори...Сега сите знаеме дека е






поинаку, направени се многу промени, а огромен дел од заслугата за нив припаѓа несомнено на работата на Детската амбасада Меѓаши. Но, за жал тоа понекогаш изгледа како капка во морето, има уште толку многу што да се направи и сработи. Децата не обврзуваат на тоа, да ја продолжиме мисијата повеќе од кога било порано, и покрај многуте сопки и тешки моменти на опстојување...***Продолжуваме!!!***

***Гордана Пирковска Змијанац***
*(Април 2012)*





***Она што сме го направиле за себе, умира заедно со нас;***
***Она што сме го направиле за другите, останува бесмртно.***
***(Алберт Пике)***




Коста Новаковиќ 22а
1000 Скопје, Република Македонија
++38922465316
info@childrensembassy.org.mk
http://www.childrensembassy.org.mk